SOCOTAB
Leaf tobacco

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ** | |  |
| **Тип на документ** | **Политика за одржливост на Групацијата** | **Бр. на документ** | |
| **Ревизија бр.** | | **Важи од:** | |
| **Составен од:** | **МГА** | **Одобрен од:** | |

| | |
|---|---|
| **1. ЦЕЛ** | Сокотаб Групацијата е посветена на спречување на повреди и болести на работно место преку цврсто управување со здравјето и безбедноста, доделувањето на авторизација и одговорност на вработените и доследна усогласеност со регулативата за здравје и безбедност.<br>Здравјето и безбедноста на нашите вработени, договарачи и посетители стои најнапред во нашите деловни напори и се приоритет на нашата култура коишто не можат да бидат тема на преговарање. |

| | |
|---|---|
| **2. УПРАВУВАЊЕ СО ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ** | Сокотаб има Програма за здравје и безбедност при работа што служи како основа за нашите напори за здравјето и безбедноста. Сите оперативни единици се усогласуваат со оваа програма преку локални политики, процедури и инструкции за локалната инфраструктура, опрема и процеси заедно со Прирачникот за здравје и безбедност на Сокотаб.<br>При тоа, тие ѝ обезбедуваат ресурси и обуки на нашата работна сила за да ја поттикнат на усогласеност и на постојано подобрување. Исто така тие обезбедуваат соодветна лична заштитна опрема и ги пријавуваат и анализираат податоците за здравје и безбедност во врска со ситуациите блиску до несреќа и несреќните случаи.<br>Како дел од системот за управување, тие прават проценки на ризик по здравјето и безбедноста, инспекции и контроли, ја мерат успешноста и спроведуваат корективни дејства каде што треба. |

| | |
|---|---|
| **3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА АВТОРИЗАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ И ОДГОВОРНОСТ** | Секој вработен и секој менаџер има одговорност за креирање и одржување на безбедна и здрава работна средина. Сите вработени на Сокотаб мора потполно да се усогласат со важечките национални закони и регулативи за здравје и безбедност.<br>Од секој вработен и од секој менаџер се очекува да ги извршува неговите/нејзините обврски во согласност со политиката на Сокотаб, меѓу другото, преку доследно придржување кон правилата и практиките за здравје и безбедност и преку пријавување на несреќи, повреди и небезбедна опрема, практики или услови. Стандардите за безбедност не смеат никогаш да се занемарат или да се избегнуваат.<br>При тоа, безбедна и здрава работна средина значи работно место без насилство. Заканите со насилство или заплашување нема да се толерираат. |

| | |
|---|---|
| **4. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОН** | Компаниите на Сокотаб ќе одржуваат потполна усогласеност со законите и регулативите за здравје и безбедност и ќе соработуваат со локалната власт за одржување на силна програма за здравје и безбедност.<br>Како дел од нашите напори во зајакнувањето на синџирот на снабдување, Сокотаб ќе ги охрабрува неговите добавувачи и други партнери да креираат и |

| | |
|---|---|
| | да одржуваат здрава и безбедна работна средина во согласност со сите здравствени и безбедносни регулативи. |

| | |
|---|---|
| **5. РЕВИЗИЈА** | Извршниот тим на Сокотаб редовно ќе ја прегледува оваа политика и ќе ја изменува кога ќе биде потребно. |